# ОДАМ НАДВОР, ВЛЕГУВАМ ВНАТРЕ

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“I go out, I come in” by Sri Chinmoy
Copyright © 1997 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Одам надвор, влегувам внатре“
Автор: Шри Чинмој

1.

Кога одам надвор,
никаде сум.

Кога влегувам внатре,
насекаде сум.

2.

Одам надвор
за да го образувам мојот ум.

Влегувам внатре
за да го образувам моето
срце.

3.

Одам надвор
за да го купам тоа што
будалесто
го оставив назад.

Влегувам внатре
за да го вратам тоа што
отсекогаш сум.

4.

Одам надвор
за да го нахранам мојот
љубопитност-ум
и љубопитност-очи.

Влегувам внатре
за да ја нахранам
мојата божественост-душа
и чистота-срце.

5.

Одам надвор
за будалесто да измислувам.

Влегувам внатре
за мудро да откривам.

6.

Одам надвор
за да ја измерам
божественоста на
Природата.

Влегувам внатре
за да ја чувам природата на
Божественоста.

7.

Кога одам надвор,
мое е гласното патување.

Кога влегувам внатре,
моја е тивката дестинација.

8.

Кога одам надвор,
претпоставувам ново име,
Радост-очекување.

Кога влегувам внатре,
продолжувам
со моето старо име,
Мир-воспоставување.

9.

Кога одам надвор,
се обидувам
да го најдам Бог.

Кога влегувам внатре,
Бог ми кажува:
„Зароби ме, дете мое,
повторно.“

Извадок од „Одам надвор,
влегувам внатре“
www.knigi.mk